Врз основа на член 34 став (6) од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 3/25), министерот за дигитална трансформација, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПРОЦЕДУРАТА ЗА ЧУВАЊЕТО НА ДОКУМЕНТАЦИЈАТА И ОПРЕМАТА ПРЕЗЕМЕНА ОД ДАВАТЕЛ НА КВАЛИФИКУВАНА ДОВЕРЛИВА УСЛУГА КОЈ ПРЕСТАНАЛ ДА ЈА ВРШИ ДЕЈНОСТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и процедурата за чувањето на документацијата и опремата од друг давател на квалификувана доверлива услуга преземена од давател на квалификувана доверлива услуга кој престанал да ја врши дејноста.

Член 2

Давателот на квалификувани доверливи услуги кој има намера да престане да ја врши својата дејност, до Министерството за дигитална трансформација (во натамошниот текст: Министерството) го доставува и Планот за престанок за вршење на дејност, по што отпочнува процедурата за чување на документацијата и опремата.

Член 3

Давателот на квалификувана доверлива услуга кој не обезбедил друг давател на квалификувана доверлива услуга заради престанок на вршење на дејноста давател на квалификувана доверлива услуга, ја доставува целокупната документација и сите потребни технички средства на чување на Министерството, вклучително и опремата и процедурите за постапување со истите.

Давателот на квалификувани доверливи услуги го известува Министерството во случај на започнување на стечајна постапка, постапка за ликвидација, други постапки за престанок на дејноста на давателот на услугата или друго непланирано прекинување на квалификувана доверлива услуга, како и дека обезбедил друг давател на квалификувана доверлива услуга.

Член 4

Планот за престанок на вршење на дејност кој се доставува до Министерството заедно со документацијата и опремата на давателот на квалификувана доверлива услуга за чување од страна на Министерството треба да има оценка за усогласеност издадена од акредитирано тело за оценка на сообразност, согласно Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги (*), причините за престанување за престанување на целокупната активност на давателот на услуги или на поединечни квалификувани доверливи услуги, како и мерки за:

1) пренесување на целата активност на давателот на квалификувани доверливи услуги на друг давател на квалификувани доверливи услуги;

2) престанок на целата активност на давателот на квалификувани доверливи услуги без пренесување на активност на друг давател на квалификувани доверливи услуги;

3) престанок на целата активност на давателот на квалификувани доверливи услуги заради несолвентност на давателот на услугата;

4) престанок на давањето на квалификувана доверлива услуга, како резултат на крајот на животниот циклус или откажувањето на хардвер и/или софтверски елемент, кој се користи за обезбедување на квалификуваните доверливи услуги;

5) престанок на давањето на квалификувана доверлива услуга заради пренесување на услугата на друг дaвател на квалификувани доверливи услуги;

6) одземање на квалификуван статус на давателот на квалификувани доверливи услуги;

7) повлекување на квалификуван статус на една или повеќе квалификувани доверливи услуги обезбедени од давателот на услуги;

8) престанок на вршење на дејноста во случај на катастрофа или сериозни проблеми што не овозможуваат задоволително обновување на погодената квалификувана услуга за сертификација;

9) постапка за известување на корисниците на квалификуваните доверливи услуги, деловните соработници, Министерството за дигитална трансформација и други заинтересирани страни;

10) детален опис на дејствијата преземени при престанок на дејноста, временските рокови за нивно завршување, како и лицата одговорни за нивно спроведување;

11) процедура за пренос на документација и опрема поврзана со квалификуваните доверливи услуги или кои произлегуваат од обезбедувањето на тие услуги и

12) постапка за ажурирање, тестирање и проценка на планот.

Член 5

Давателот на квалификувани доверливи услуги кој има намера да престане да ја врши дејноста, кој ја пренесува својата дејност на друг дaвател на квалификувана доверлива услуга или престанува да обезбедува конкретна квалификувана доверлива услуга, пред да ја достави документацијата и опремата на Министерството за чување, објавува известување за тоа на својата веб-страница и ги информира на соодветен начин сите корисници на неговите квалификувани доверливи услуги.

Член 6

Давателот на квалификувани доверливи услуги кој ја презема дејноста или го презема обезбедувањето на поединечни квалификувани доверливи услуги од давателот на квалификувани доверливи услуги кој има намера да престане да ја врши оваа дејност ја чува целокупната документација најдоцна десет години, сметано од годината на преземањето на истата.

Доколку целокупната документација ја презема од дaвател на квалификувани доверливи услуги кој има намера да престане да ја врши дејноста, а не обезбедил друг дaвател на квалификувани доверливи услуги, истата се чува како посебен архивски материјал најдоцна пет години, сметано од годината на преземањето на документацијата.

По истекот на периодот на чување од став 2 на овој член, од страна на Министерството, истиот се предава на Државниот архив на Република Северна Македонија, согласно прописите од областа на архивското работење.

Член 7

Давателот на квалификувана доверлива услуга кој ја презема дејноста од давателот на квалификувани доверливи услуги кој има намера да престане да ја врши дејноста, треба да ги обнови квалификуваните сертификати кои ги презема, со рок на важност и под истите услови под кои тие се издадени.

Давателот на квалификувани доверливи услуги кој ја презема дејноста од давателот на квалификувани доверливи услуги кој има намера да престане да ја врши дејноста, ја користи инфраструктурата на јавниот клуч на давателот на квалификувани доверливи услуги кој има намера да престане да ја врши дејноста, заради управување со издадените квалификувани сертификати за период не подолг од рокот на важноста на последниот издаден квалификуван сертификат.

Член 8

Со денот на влегување во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот и процедурата за чувањето на документацијата и опремата преземена од давател на квалификувана доверлива услуга кој изјавил намера за престанок за вршење дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 274/19).

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 14-217/3<br>17 март 2025 година<br>Скопје

Министер<br>за дигитална трансформација,<br>Стефан Андоновски, с.р